Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 143

Август 2024 г.

цена 20 денари,

*Проф.д-р МИШКО ЦИДРОВ, проректор за настава и студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“*



## И оваа студиска година ќе започне без проблеми за сите на Универзитетот

Quehenberger logistics

ФОКИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

**М-р Иван Јорданов, градоначалник на Штип**



# Секој наш проект потекнува од потребите за кои се изјасниле граѓаните

•Со градоначалникот Иван Јорданов разговараме на важни теми за Штип како што се прекините во водоснабдувањето и реакциите на граѓаните, изградбата на Линија 2 за населба со над 400 куќи, честата смена на директорите во ЈП „Исар“, значењето на улицата „Ванчо Прке“ која станува прва пешачка улица во историјата на градот, изградбата на нови мостови, кружни токови, паркинг платформи, за тоа кои се решенијата за возилата на итната медицинска помош побрзо да стасуваат до новата Клиничка болница...

## Колку „тежат“ штипските пратеници?



Н. Мицевски 152.301



Д. Иванов 226.201



Б. Крмов 35.520



Б. Бочварски 237.061

Од мој агол

## Кога ќе ги исправиме сите наши „Криви Дрини“?

## Максимова: Штип ќе ужива во спектакал на млади пијанисти од 12 држави





## И Робин од Нормандија го виде Штип

***Иван Бојаџиски***



# Кога ќе ги исправиме сите наши „Криви Дрини“?

„Сите Дрини на светот се криви, ниту една Крива Дрина на светот не може да се исправи, ама ние треба да работиме како да можеме сите Криви Дрини на светот да ги исправиме“. Ова е мисла на големиот екс југословенски писател и нобеловец Иво Андриќ за сите Криви Дрини во бившата држава, а таа мисла, читајќи ја одново и одново, ми дојде како добра идеја да искажам свој став во однос на сите наши, денешни и „модерни“ Криви Дрини кои ние не се ниту обидуваме да ги исправиме, иако нивното „исправување“ би ни донеле големи економски и социјални бенефити.

Но, да тргнеме по ред.

**1.Крива Дрина: Брегалнички хидромелиоративен систем**

Изграден во периодот 1965-1969 и пуштен во функција во 1970 година овој систем беше изграден со намена да го препороди земјоделието во Источниот регион, од селото Истибани кај Виница до Каратманово пред Велес. За таа цел изграден е десен магистрален канал во должина од 101 километар кој завршува кај Каратманово, и лев магистрален канал од триесеттина километри кој завршува кај селото Аргулица. Изградена беше и најсовремена детална каналска мрежа од 330 километри по која водата требаше да стигне до 28.000 хектари плодни ниви.

Но, што имаме денес? Руиниран систем од кој водата наместо до 28.000 хектари одвај да се користи на 7.000 до 9.000 хектари. Статистиката вели дека 66 села долж системот, поради тоа што не добиваат доволни количини вода за своите ниви, годишно губат по 1.000.000 евра, што е севкупна загуба на годишно ниво од 66 милиони евра!

А државата секоја година, наместо да го доведе во ред системот, ги „храни“ земјоделците со огромни субвенции. Прашање на векот е ќе се најде ли јунак кој оваа голема Крива Дрина ќе ја исправи.

За наше добро, секако.

**2.Крива Дрина: Систем „Злетовица“**

Изграден да снабдува шест општини со вода за пиење, но и да наводнува 4.502 хектари обработливо земјиште во општините Пробиштип и Кратово, како и да произведува струја, овој повеќенаменски водостопански систем и денес, 14 години по неговото пуштање во употреба, е далеку од тоа да си ја врши својата намената, иако за неговата изградба се инвестирани над 100 милиони долари.

Убавата вест е дека освен општина Карбинци сите други пет општини денес користат вода од овој систем, но она кое и овој водоснабдителен систем го сместува во мојот избор на нашите „Криви Дрини“ е фактот дека двете наредни фази се далеку од реализација. А тоа значи дека нашата држава ќе го враќа јен кредитот на јапонците од 82,5 милиони долари без да заработува нешто од системот.

Одамна го следам овој проект и добро знам дека него ќе го направи самоисплатлив реализацијата на третата фаза, а тоа е изградба на шест хидроцентрали под бранатa Кнежово, а на реката Злетовица. А проектот сеуште нема абер ниту од втората фаза – наводнувањето на обработливото земјиште.

Тоа само ние го можеме.

**3. Крива Дрина: Нафтата кај Ерџелија**

Во 1969 година, кога сеуште бев млад новинар, ме обзеде веста дека кај овчеполското село Ерџелија стручна екипа на „Нафтагас“од Нови Сад пронашла гас и нафта! На 4 февруари таа година се најдов на местото на настанот од каде, за скопски Вечер, каде бев соработник, напишав текст под наслов „Прва ерупција на гас и нафта кај Ерџелија, **штипско**“. Насловот доминираше на насловната страница (кој не верува го имам весникот, нека дојде ќе му го покажам), а баш тоа „штипско“ силно го изнервира тогашниот градоначалник на општина Свети Николе Душко Гиговски, кој ме малтретираше извесно време дека јас, од штипското општинско раководство сум добил задача да го присвојам Ерџелија кон Штип, зашто таму имало нафта!

Но, каде тука ја гледам нашата „Крива Дрина“?

Инг. Зоран Миловановиќ од „Нафтагас“, управител на истражувањата, во интервјуто кое го правев со него ми изјави дека со дупчењето само се потврдила претпоставката дека на овој простор има нафта и гас и дека ќе се продолжи со истражувањето. Таму бев и кога од една од двете бушотини (таа со длабочина од околу 1.300 метри) шикна висок млаз од 25 метри што многу ги израдува сите кои беа вклучени во проектот.

Но, оеднаш, речиси преку ноќ, екипата на „Нафтагас“ си ги собра машините и ја снема на просторот од кај Ерџелија, каде и денес стојат забетонирани двете бушотини. Екипата си замина за Далмација на нови бушења, а кај нас се пронесе веста дека кај Ерџелија немало нафта погодна за економска експлоатација. Кој ја пренесе таа вест не знаев ниту тогаш, а не знам ниту денес.

Мислам дека нашата држава треба да види како вистински стојат работите на овчеполскиот терен кај селото Ерџелија. Ова и најмногу поради мистериозното заминување (преку ноќ) на екипата од Нови Сад и недостапноста на информации за „новата состојба“, а и поради тоа што оваа тема остана мистерија се до ден денешен.

На нас е еднаш и засекогаш да ја исправиме и ова наша „Крива Дрина“, да истражиме што е што, зашто ако се најде нафта на тој простор тоа ќе биде нашето елдорадо за што мечтае секоја нормална држава во светот.

А можеби ќе бидеме и како Норвешка каде штом се родиш добиваш акции од националната компанија за гас и нафта.


Штипска пастрмалијада
20 (петок) - 21 (сабота) - септември 2024
ПЕТОК 20 СЕПТЕМВРИ 2024
ЛЕКСИНГТОН БЕНД
АНТОНИА ГИГОВСКА, ДАНИ...
САБОТА 21 СЕПТЕМВРИ 2024
ПЕТАР ГРАШО
ЈОРДАН МИТЕВ, ДУПЕР, ЖАРЕ БЕРБЕР...

## М-р Иван Јорданов, градоначалник на Штип

# Секој наш проект потекнува од потребите за кои се изјасниле граѓаните

Невообично топлото лето, прекините не водоснабдувањето во поедини делови на Штип, водоснабдителни системи од проектот „Линија 2“, новите содржини на градот, пешачката улица „Ванчо Прке“, паркинзите, проодноста на најфреквентните улици за возилата на Брзата помош до новата Клиничка болница која е од регионален карактер, сето тоа се прашања кои летово доминираат во јавната дискусија на штипјани. Одговор на интересот на штипјани за клучните прашања побаравме преку интервјуто со првиот човек на Штип, градоначалникот Иван Јорданов.



М-р Иван Јорданов

**Г-дин Јорданов, некако го преживуваме пеколно топлото лето, Штип и од хидросистемот „Злетовица“ но и од рени бунарите има добри количини на вода, но се случија дефекти на водоснабдителниот систем по што некои делови некое време останаа без вода. Се крена голема галама околу тоа... Што Вие би кажале за тоа, каде е вината ако ја има и дали ЈП „Исар“ добор не си ја извршуваше работата?**

-Мило ми е што ми го поставувате ова прашање зашто за него се отвори јавна дискусија во градот, најмногу преку социјалните мрежи. Јас само ќе кажам дека, за жал, дојде моментот кога сите гледаме дека старата водоводна мрежа си го зема данокот. Кога започнавме да работиме големи капитални проекти имавме прилика да се увериме дека водоводната линија е стара повеќе од половина век и од материјал кој што повеќе со децении не се произведува. Храбро се зафативме за работа која што никој пред нас не помислувал да ја направи и се надевам дека граѓаните ќе имаат разбирање. Кога се однесува до водоснабдувањето сакам да ги информирам граѓаните дека ќе замениме голем дел од примарната и секундарната водоводна мрежа, дека изградбата на линија 2 е во тек со забрзана динамика на работните активности, а очекуваме, во скоро време, да се започне со изградба и на два нови резервари за вода со што ќе се реши еден децениски проблем кој го имаат граѓаните.

**Колку во овој случај се внесе политика? Опозицијата настапи со критика за неспособност на локалната власт на граѓаните да им обезбеди вода во еден клучен период од годината, што би рекле Вие на таа критика?**

Опозицијата е таа кој што има најмалку право да критикува за оваа тема, бидејќи кога ја практикувале власта освен нерационални задолжувања во јавните претпријатија немаат направено апсолутно ништо за да се реши ова прашање. Единственото нешто со кое можат да се пофалат е дека пред 20 години се задолжиле и зеле милионски кредит за решавање на проблемот со водоснабдување и замена на водоводната мрежа. Што не го решиле проблемот тоа е факт, но и кредитот “заборавиле” да го враќаат, па тој кредит со камати достигнал сума од над 200 милиони денари. Уште поинтересно е што уште првата недела кога станав градоначалник бевме задолжени кредитот земан пред 20 години да го враќаме со месечни рати од скоро четири милиони денари, пари со кои до сега сме можеле да го решиме водоснабдувањето и многу други проблеми на граѓаните.

**Кога веќе сме кај водата и квалитетното водоснабдување, сакаме да прашаме до каде сме со изградбата на „Линија 2“ и снабдувањето со вода на населбата Плуждино во која, според некои информации, има над 400 куќи, а вода нема со децении....Луѓето се мачат, полнат туби и од каде ќе најдат можност, тоа е една епска мака...**

Изградбата на „Линија 2“ е во тек и таму градежните работи продолжуваат без престан. По завршување на работните активности за приклучок на водоводната мрежа на викенд населбата “Суитлак”,согласно нашата програма, следна е викенд населбата “Плуж-

дино". Очекувам веќе од наредниот месец ЈП Исар да се координира заедно со сопствениците на имоти во оваа населба и да се започне со изградба на секундарната мрежа,а паралелно ќе работиме и на примарната мрежа со изградба на резервоар во населба Пребег со што, ако работите се движат согласно предвиденото, наредната година и викенд населбата "Плуждино" ќе биде приклучена на градската водоводна мрежа.

**‖Актуелна во моментот е и улицата „Ванчо Прке" која станува пешачка зона. Која ќе биде содржината на таа улица, кога ќе се завршат работите на неа за да биде пуштена во функција...**

Работните активности на популарната " едносмерна " се во полн ек,пред почетокот на овогодишната пастрамалијада ќе бидат завршени и ќе имаме уредно шеталиште како што имаат многу европски градови. Пастрамалијадата, како што веќе и навремено најавиме ќе има промена на локацијата, а тоа е токму шеталиштето на ул.„Ванчо Прќе" па се до зградата Кубус.

**‖Во јавноста се говори дека сега веќе екс директорот на ЈП „Исар" побарал да си замние поради притисокот од јавноста како резултат на проблемот со прекин на водоснабдувањето, не можел да го издржи тој притисок, зборува ли тој пример-ако е така-дека директорската функција во ЈП Исар е најтешка во општината и дека за неа е потребно, конечно, да се избере специфична личност која ќе знае квалитетно да ги извршува задачите но и да се носи со предизвиците и притисоците кои секогаш ќе ги има...**



Вака ќе изгледа пешачката улица „Ванчо Прке"

***Дојде моментот кога сите гледаме дека старата водоводна мрежа си го зема данокот. Кога започнавме да работиме големи капитални проекти имавме прилика да се увериме дека водоводната линија е стара повеќе од половина век и од материјал кој што повеќе со децении не се произведува. Храбро се зафативме за работа која што никој пред нас не помислувал да ја направи и се надевам дека граѓаните ќе имаат разбирање.***

Претходниот директор на јавното претпријатие замина на друго работно место и истото беше најавено неколку месеци порано. Работата во јавното претпријатие е динамична, а ние располагаме со добри млади кадри кои можат да одговорат во одреден момент согласно предизвиците пред кои сме исправени.

**‖Кога сме кај Исар за три години колку го водите градот таму се променија четворица директори...Зошто толку промени се прават, ако се знае дека за еден директор само да го запознае гломазното претпијатие му се потребни бајмалку 6 месеци...И уште едно прашање во врска со ЈП Исар, одамна се заговараше негова голема реорганизација-односно издвојување на несуштинските делови во самостојни де-**

**ловни субјекти како што се паркови и зеленило, Градска чистоќа, Градски гробишта и друго, а во рамките на ЈП Исар да остане само водоснабдувањето...Дали оваа тема, на некој начин, била или сеуште е актуална и во Вашиот мандат и што лично мисите Вие за тоа?**

Како што кажав претходно, динамиката на работата во локалната самоуправа и јавните претпријатија е голема. Мој став е дека Штип располага со квалитетни кадри кои, според мене како градоначалник, можат во различен период да одговорат на задачата согласно проблемите и предизвиците. Што се однесува до реорганизација на ЈП Исар знам дека во некои минати времиња се заговарало одделување на некои делови и сектори со цел одредени луѓе да ги присвојат и уште повеќе да се збогатат. Било каква реогранизација е предмет на една поголема анализа која што константно ја правиме со стручни лица,но мое мислење е дека ако реоргизацијата на ова претпријатие значи приватизација,не сум убеден дека граѓаните ќе добиваат подобри услуги.

**Започнете еден вид „специфични операции“ кај камениот мост и помеѓу него и паркинг платформата...За што се работи и кој проблем треба да го реши овој проект ?**

-Работиме на проект за измена на сообраќајниот режим,доколку биде се во ред,овој мост ќе биде функционален за движење во двете насоки со што ќе се олесни движењето на возилата.

**Доаѓа месец септември кога градот сериозно ќе „живне“ , ќе ни дојдат студентите, ќе завршат годишните одмори, паркирањето ќе стане проблем, но прашањето ми е што реши градот со двете нови катни паркинг гаражи и третата на Отиња, колку со нив се намалува притисокот за паркинг место, имате ли нови идеи во однос на оваа проблематика?**

Ние како локална самоуправа по ова прашање реагиравме на време и изградивме две катни гаражи во централното градско подрачје и со партерно уредување обезбедивме дополнтелни паркинг места околу станбените единици во и околу централното градско подрачје. За кратко почнуваме со изградба уште на две катни гаражи со што паркирањето посебно во централното градско подрачје ќе биде олеснето.




**Претходниот директор на ЈП „Исар“ замина на друго работно место и истото беше најавено неколку месеци порано. Работата во јавното претпријатие е динамична, а ние располагаме со добри млади кадри кои можат да одговорат во одреден момент согласно предизвиците пред кои сме исправени.**

**Кога премиерот Христијан Мицкоски, на почетокот од неговиот мандат, прво дојде во Штип најави дека Клиничката болница, оваа Влада, ќе започнела фуриозно да ја дозав-**

**ршува веќе од оваа есен. Факт е дека болницата е „криво насадена“, а факт е и тоа дека и да ја биде болницата ќе има голем проблем во движењето на возилата на брзата помош кој носи пациенти и од Штип но и од десеттина други општини. Но, сведоци сме дека низ метежот покрај Отиња овие возила имаат проблем да се пробијат, а во прашање се животите и здравјето на луѓето...Ќе се најде ли решение и за оваа сообраќајна (не)поврзаност...**




Едни од првите наши проекти беше проширување на сообраќајниците покрај општинската зграда со изградба на конзоли со цел да нема проблем со протокот на возила и пешаците да се движат непречено. Дополнително со изградбата на новиот кружен тек ќе имаме побрз и непречен проток на сообраќајот,вклучително и патот кој води до клиничката болница.

**Работите на повеќе проекти, од што произлегуваат тие?**

Секој наш реализиран проект произлегува од потребите на граѓаните. Како никогаш до сега асфалтирани и рехабилитирани се огромен број на улици и пристапни патишта на територијата на Општина Штип. За прв пат воведовме градски превоз со набавка на нови автобуси,ги проширивме сообраќајниците со изградба на конзоли и нов мост на реката Отиња, обезбедивме мултифункционални спортски и детски игралишта во секоја урбана населба,а пуштени се во употреба и две катни гаражи во центарот на градот. Исто така наидовме на многу позитивни реакции кога одлучивме да го реализираме проектот за уредување на просторот околу станбените единици во урбаните заедници, а во тек се и проектите за изградба на бул. ”Партизанска” ,СЦ”Џексон” и пешачка зона на ул. ”Ванчо Прќе” или познатата “Едносмерна”.

Со почетокот на учебната 2024/2025 година повторно ќе бидат обезбедени бесплатни униформи и училишна опрема за учениците. Дополнително работиме за прв пат преку одредување на пилот училиште да биде обезбедена бесплатна храна за учениците. Во предучилишно образование за децата на самохрани родители како и деца со попречености ќе обезбедиме бесплатен престој во детските градинки.

Во делот на комуналната сфера до крајот на овој мандат наш врвен приоритет е изградбата на „Линија 2“, замена на критичните делови од примарната и секундарната водоводна мрежа и изградба на нови резервоари со цел повисоките делови од градот да имаат добар притисок на водоснабдување.

**По завршување на работните активности за приклучок на водоводната мрежа на викенд населбата “Суитлак” ,согласно нашата програма, следна е викенд населбата “Плуждино”. Очекувам веќе од наредниот месец ЈП Исар да се координира заедно со сопствениците на имоти во оваа населба и да се започне со изградба на секундарната мрежа, а паралелно ќе работиме и на примарната мрежа со изградба на резервоар во населба Пребег.**

# Штип ќе ужива во спектакал на млади пијанисти од 12 држави



М-р Марија Максимова е истакнат педагог по пијано и камерна музика во ДМУЦ „Сергеј Михајлов" во Штип. Учениците во нејзината класа успешно ја претставуваат нашата држава во светот и досега имаат освоено над 400 награди на натпревари и фестивали во Америка, Франција, Италија, Јапонија, Канада, Белгија, Русија, Холандија, Украина, Шпанија, Унгарија, Словенија, Србија, Босна, Бугарија, Косово и Македонија, како и покани за настапи во престижни сали во светот (Карнеги Хол - Америка, во Русија, Грузија итн). Таа е главната личност на „Голден пијано талент" кој се одржува во Штип и со неа водиме разговор за престојниот настан.

**Марија, во месец септември ќе го имате третото издание на интернационалниот пијанистички фестивал "Голден пијано талент фестивал". Кажете ни нешто повеќе за тоа?**

-Интернационално здружение за културен развој и едукација Арт Фест е посветено да ги следи највисоките културни и уметнички стандарди признати на глобално ниво и се стреми да донесе искуства од светска класа во нашата држава. Нашата цел е да ја инспирираме заедницата приближувајќи ја класичната музика и правејќи уметноста да биде составен дел од секојдневниот живот. Фестивалот ќе се одржи на 13-ти и 14-ти септември 2024 година во уметничката галерија „Безистен". Првиот ден ќе се одржат пет рецитали, а акцентот на фестивалот е ставен на вториот ден, односно на 14ти Септември кога ќе се одржи Големиот свечен церемонијален концерт, концертот на Македонските млади пијанисти и рециталот на лауреатот Јоанна Маја Јасновска од Полска. Тогаш ќе се доделат плакети, медали, парични награди, дипломи и подароци на младите пијанисти и нивните ментори. За свечениот концерт, веќе ни се најави публика и од странство.

**Која е целта на фестивал од ваков тип?**

Целта на меѓународниот фестивал Golden Piano Talents Festival на кој досега настапија околу 70 талентирани млади пијанисти од странство и од кај нас е да обезбеди платформа за пијанистите да ги покажат своите вештини на глобална сцена, а воедно со тоа, ќе се подигне културното и уметничкото ниво кај нашите граѓани. Фестивалот има за цел да ги инспирира и мотивира младите музичари, а исто така и служи како можност за учесниците да се поврзат и да градат врски со врсници и професионалци во музичката индустрија, односно ја поттикнува културната размена и меѓусебното разбирање.

**Колку учесници, од која до која возраст и од колку држави ќе учествуваат на истиот?**

Годинава ќе настапат 46 пијанисти. Публиката ќе има можност да ги слушне прекрасните изведби на млади пијанисти од Англија, Германија, Израел, Швајцарија, Полска, Чешка, Малта, Словенија, Хрватска, Италија, Бугарија и од нашата држава. Ќе имаме и многу гости од странство, најавени се некои од професорите на пијанистите, како и членови на жирито. Пијанистите се на возраст од 8 до 27 години.

**Колку пијанисти од нашата држава ќе учествуваат?**

Од нашата држава ќе настапат 25 пијанисти кои ќе се претстават на Концертот на Македонските пијанисти кој ќе се одржи во Сабота (14ти Септември) во 17.30 часот. Тие доаѓаат од средните и основните музички училишта од Скопје, Штип, Битола, Кочани, Крива Паланка. Во рамките на фестивалот свој рецитал ќе одржи и пијанистот Андреј Шаклев од Штип кој живее во Италија и кој моментално е на специјализација по пијано на Кралскиот Колеџ во Лондон, Англија

**Со оглед на бројноста на учесниците посебно од странство, како финансиски го обезбедувате фестивалот, всушност кој финансиски Ве поддржува.**

Фестивалот се финансира од сопствени средства, претежно тоа е од котизацијата на учесниците на натпреварот. Со оглед на фактот дека фестивалов е организиран на највисоко професионално ниво, таа сума е премала. Сепак, нашата општина има слух за вредноста на културните настани во градот и од самиот старт е наш голем поддржувач. Од името на нашето здружение, би сакале да искажеме огромна благодарност до Советот за култура на Општина Штип и до градоначалникот М-р Иван Јорданов како и на нашите верни помагатели кои секоја година го поддржуваат и помагаат фестивалот.

**Дали и преку овој Ваш фестивал луѓе, главно млади од други држави дознаваат нешто повеќе за нашата Македонија, за Штип?**

Станува збор за организација на голем, уникатен и редок музички настан, кој веќе привлече огромен интерес на интернационално ниво поради неговиот меѓународен карактер и исклучителна програма. На претходните две изданија, Фестивалот успеа да го промовира Штип како еден од најголемите пијанистички центри во светот. Реакциите после двата фестивали беа повеќе од фантастични и стигнуваа од сите страни на светот. Инаку, жирито за нашиот натпревар го сочинуваат ценети, светски познати пијанисти и пијано педагози, кои се грижат дека процесот на оценување е објективен и со највисок стандард.

# И Робин од Нормандија го виде Штип

Во нашиот град, главно на кус период, престојуваат поголем број странци. Нивен приоритет е да го запознаат градот, неговите знаменитости, луѓето, културата, традициите.

Еден од оние странци кои го видоа нашиот Штип е и Робин Ленорман, 28 годишен французин кој во градот престојуваше само два дена и со кого разговаравме за неговите импресии од она кое, во тоа кратко 48 часовно време го виде кај нас.

-Се викам Робин Ленорман, имам 28 години и доаѓам од Франција, од градот Шербур во регионот Нормандија. Во Северна Македонија дојдов сам, со велосипед од Франција. Навистина ми се допаѓа оваа земја, а особено Штип. Локалните жители се многу братски настроени, срдечни и топли. Низ својата историја овој народ ми изгледа многу обединет и братски, ни рече младиот човек.

Тој студирал енергетски инжененринг.

-Откако студирав енергетски инжененринг, решив да се приклучам на здружение и да патувам сам или со други во Африка и Источна Европа за да ги разберам енергетските, климатските и социо-економските прашања на локалното население. Создадов подкаст за да споделам различни сведоштва и животни приказни со пошироката јавност. Патувам користејќи автостоп, дел пешачам, некаде користам брод или велосипед затоа што сакам да се среќавам, разменувам и споделувам искуства со луѓето од различни заедници. Сакам да одвојувам време, да се прилагодувам на ситуации, да застанам каде што ме носи ветерот, посочува Ленорман




Кај нас најмногу сакал да ги слушне луѓето. Да дознае каков народ сме, каква ни е историјата, културата. Се обидел да ги разбере енергетските, климатските и социо-економските прашања кои го тангираат нашето население Вели дека бил импресиониран од се што видел, слушнал и дознал од нас и за нас.

-Штип ми се причини доста раздвижен град. Кафулињата се полни со млади луѓе, средната генерација шета по убавите улици, приквечерта видов доста народ од двете страни на реката во центарот на градот. СНа нечија препорака одбрав да преноќам во бањата Кежовица. Фасциниран сум од местото кое е многу мирно, со грижливи и приврзани луѓе. Бањите со топли извори се многу пријатни, а соседниот ресторан е по мој вкус. Повеќе сакам да ја откријам локалната гастрономија отколку да јадам брза храна, појаснува овој патувач,



***Робин Ленорман***

***Во Штип Ленорман најмногу сакал да ги слушне луѓето. Да дознае каков народ сме, каква ни е историјата, културата. Се обидел да ги разбере енергетските, климатските и социо-економските прашања кои го тангираат нашето население. Вели дека бил импресиониран од се што видел, слушнал и дознал од нас и за нас и дека приказната која тој ја разбрал ќе ја има на некогиот поткаст, а неа аќе ја види Европа и светот.***

сонувач и човек кој своите видувања од патувањата ги прикажува на својот поткаст кога ќе се врати дом. На тој начин и Штип со некои свои знаменитости, со разговори со луѓе, со својата култура и посебно со бањата Кежовица ќе го види Европа и светот.

На Ленорман во Штип му се придружија уште двајца негови другари.

-Го оставив мојот велосипед во Штип и со другарите тргнуваме автостоп кон Турција преку вам соседната Грција. Никогаш не знаеме колку ќе трае нашето патешествие, се зависи од тоа на што ќе наидем на оваа наша авантура. Какви луѓе ќе сретнеме, какви приказни од нив ќе слушнеме, каква е нивната култура, гастрономија, какви пријателства сакаат да создаваат. Конечно, во Штип пак ќе се вратам, сам или со другарите, да си го земам велоисипедот, а посебно затоа што сакам барем уште некој ден повеќе да престојувам во бањата Кежовица и да ги искористам нејзините прекрасни, лековити топли монерални води, ни рече на крајот од разговорот младиот авантурист,

# За здруженија на граѓани и фондации Општина Штип годинава издвојува 1.340.000 денари

Општина Штип и годинава обезбедува финансиска поддршка со која ќе ги поддржи активностите на здруженија на граѓани и фондации. За таа цел општината од својот буџет ќе издвои 1.340.000 денари, за што одлучи Советот на општината на последната седница.

Финансиски средства за своите активности во тековната година, согласно поднесените проекти се доделени на:

Здружение на граѓани „Гласен текстилец“ за проектот „Текстилијада 2024“ – 300.000 денари.

Здружение на граѓани извиднички одред „Еквинокс Скаут“ за проектот „Школа за млади лидери“ – 300.000 денари.

ЗГ Градски камерен хор „Астибо“ за седмиот интернационален фестивал на камерни хорови „Астибо фест“ – 120.000 денари.

ЗГ за спорт и рекреација „Биди фит и активен“ за проектот „Пушти чекор-подај рака“ – 120.000 денари.

ЗГ „Градски хор – Штип, за проектот Фестивал на староградски песни и шлагери „Свети Никола 2024“ – 120.000 денари.

КУД „Тоска ЏБЦ“ за проектот „Од изворни фолклорни рефрени низ вековите до меѓународна афирмација на културното творештво“ – 120.000 денари.



***Градски камерен хор***

ЗГ Еколошко друштво „Виножито“ за проектот „Здрави навики за чиста планета“ – 100.000 денари

Здружение на роми „Черења“ за проектот „Медиумска писменост на младите роми/ромки во дигитално опкружување“ – 80.000 денари и Ромска асоцијација за еднакви прва „Рота“ за проектот „Зачувај ја животната средина-покажи на дело“ – 80.000 денари.

Овие средства Општина Штип ги доделува согласно методологијата за доделување на финансиска подршка за проекти на здруженија и фондации кои, со

***Со оваа сума поддржани се девет невладини организации од нашата општина., Најголемата можна сума од по 300.000 денари им е доделена на ЗГ „Гласен текстилец“ за проектот „Текстилијада 2024“ и на ЗГ Извиднички одред „Еквинокс скаут“ за проектот „Школа за млади лидери“.***

својата работа, придонесуваат за развојот на локалната заедница. За таа цел е распишан јавен повик, а средствата ќе се исплатата од буџетот на Општина Штип неменети за оваа намена.

Приоритетни области се економија и туризам, инфраструктура, образование, култура и спорт и животна средина.

Најмалата сума кое едно здружени може да ја побара е 50.000, а најголема 300.000 денари.

# Споменик на Тодор Александров во Штип во неговото родно Ново Село

Со свечена церемонија, коњаници кои во комитска облека го поминаа патот од центарот на Штип до Ново Село, и со панахида во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Градот под Исарот е одбележана 100 годишнината од загинувањето за Тодор Александров,македонски политички водач, војвода и еден од водачите на ВМРО. Во негова чест денес е подигнат споменик, а иницијативата дојде од патриотското здружение „Мише Развигоров“ за што позитивно се изјасни и Советот на Општина Штип. Споменикот е со височина од 2,5 метри, а со постаментот има 3,70 метри.



„Целта на убиството на Тодор Александров била да згасне идејата за независна суверена Македонија. Ние, после сто години од неговата смрт го продолжуваме неговото дело преку поставување на ова спомен обележје. Нека му е вечна славата, нека продолжи борбата за Македонија“, рече на настанот штипскиот градоначалник Иван Јорданов.

За Александар Пандов, претседател на Патриотскиот институт „Гоце Делчев“ на ВМРО ДПМНЕ Тодор Александров е еден од најголемите македонци, и е рамо до рамо со Гоце Делчев.

„Тој е еден од најголемите македоднци, а јас секогаш велам дека Тодор Александров е рамо до рамо со Гоце Делчев. Срамота е што до сега не сме го направиле ова. Но, сакам да искажам голема благодарност до градоначалникот на Штип Иван Јорданов што сега го имаме Тодор Александров во Ново Село во местото на неговот раѓање,“ рече Пандов на церемонијата на отворање на споменикот.

Тој додаде дека доколку не би постоел Тодор Александров и таквите борци како него, ние не би се нарекувале Република Македонија.

„И токму затоа, ние како македонци треба и мора да бидеме горди, а сегашните и идните генерации да ги учиме дека треба да се гордеат со нивните дела“, посочи Пандов.

Тодор Александров Поп-Орушов (Ново Село, 4 март 1881 — Сугарево, 31 август 1924) е македонски политички водач, војвода и е еден од водачите на ВМРО. Во 1898 година тој се приклучил во ТМОРО. Бил учител и раководител на месните комитети во Кочани, Виница, Кратово, Ново Село и Штип, секретар на четата на штипскиот војвода Мише Развигоров (1905) и на кочанскиот околиски војвода Симеон Георгиев-Кочански (1907), окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ (1907), член на ЦК на ВМОРО (1911), член во Штабот на III македонска бригада во Балканските војни и во Штабот на партизанската чета на III бригада на XI македонска дивизија во Првата светска војна.

По војната, заедно со Александар Протогеров и Петар Чаулев, ја обновил организацијата под името ВМРО (1919) и во 1920 ја зацврстил во Пиринскиот дел на Македонија, каде што создал организациона и воена база и оттаму ги обновил оружените четнички акции во Вардарскиот дел на Македонија.

***Идејата за подигање на споменик на Александров дојде од патриотското здружение „Мише Развигоров“, оваа идеја по предлог на градоначалникот Иван Јорданов дојде пред Советот на Општина Штип, а локалниот штипски парламент со мнозинство гласови донесе позитивна одлука. Споменикот е со височина од 2,5 метри, а со постаментот има 3,70 метри.***

Дејствувал против политиката на земјоделската влада на Александар Стамболиски за зближување со Кралството на СХС. Го потпишал Мајскиот манифест за обединување на македонските револуционерни сили (1924), но пред убиството јавно се откажал од својот потпис.

**Проф.д-р МИШКО ЦИДРОВ, проректор за настава и студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“**

# И оваа студиска година ќе започне без проблеми за сите на Универзитетот

Новата студиска година на Универзитетот „Гоце Делчев“ започнува со првиот октомвриски ден, а за тоа дали нашата високообразовна институција е подготвена за новиот предизвик одговор побаравме преку разговор со проф.д-р Мишко Цидров, проректор за настава и студенти.



**▓ Г-дин проректор дали Универзитетот „Гоце Делчев“ подготвено ја дочекува новата студиска година?**

-Секако. Во тек се уписите на новите студенти на Универзитетот, но и подготовките на семестарот кој ни следува. Се преземаат сите неопходни мерки за да се обезбеди квалитетно образование со вклучување на целата наша инфраструктурата, од лаборатории до предавални, обезбедување на сите потребни наставните материјали и дигиталните алатки за настава. Студентите и професорите ќе бидат информирани за сите потребни процедури и активности пред почетокот на семестарот, што ќе овозможат непречен почеток на академската година. Почетоците можат да бидат тешки, па за новите студенти организираме дополнителни активности каде им ги објаснуваме нашите е-системи и начините на работа, за да можат да ги започнат студиите полесно. Сето ова гарантира дека и оваа студиска 2024/2025 ќе започне без проблеми за сите на Универзитетот.

**▓ Колку нови студенти очекувате да има УГД по завршувањето на третиот уписен рок. Од кои места најмногу ги очекувате?**

Во тек е уписниот период на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, и според досегашните првични резултати, можеме да изразиме задоволство од интересот и одзивот на новите студенти. Бројот на запишани студенти останува стабилен во споредба со претходните години, што го потврдува континуитетот на успешната работа на Универзитетот во однос на поддршката на студентите, учеството во општествените и развојните процеси, како и научно-истражувачката дејност. Овие аспекти се препознаени и ценети од страна на идните студенти.

Во однос на географската застапеност, интересот за упис на Универзитетот е распространет низ целата држава. Најголем број на новозапишани студенти се од Штип, како што и се очекуваше, но веднаш по нив се студентите од Скопје и Струмица. Значаен е и бројот на бруцоши од Битола, Велес, Кавадарци, Кочани, Куманово, Тетово и други градови во земјата. Овој широк интерес ја потврдува репутацијата на Универзитетот како високообразовна институција со национално значење.

**▓ Како УГД ги доближуваше до завршените средношколци своите потенцијали во месеците пред да стартуваат уписите?**

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип активно ги презентираше своите можности и програми пред матурантите низ целата држава во месеците пред уписите. Тим од Универзитетот посети 21 средно училиште во 15 градови, вклучувајќи ги Штип, Струмица, Куманово, Скопје и Битола, каде што преку интерактивни работилници им ги претстави на учениците клучните предности од студирањето на УГД. Овие работилници беа фокусирани на развојот на меки вештини кај средношколците, кои им се важни за идното вработување.

***ЗА ЈАЗИКОТ СЕ РАБОТИ: За студентите на Филолошкиот факултет, ослободување од партиципација важи за си- те кандидати запишани на студиската програма „Македонски јазик и книжевност“ без оглед на уписниот рок. Студентите на оваа програма се ослободени од партиципација од прва до четврта година на студиите.***

Дополнително, Универзитетот организираше отворен и кариерен ден, кој привлече над 200 средношколци и 300 студенти, овозможувајќи директна поврзаност со повеќе од 40 компании од различни индустрии. Во текот на целата кампања, УГД користеше различни комуникациски канали, вклучувајќи социјални медиуми, YouTube и веб-порталот на Универзитетот, за да ги информира младите за сите важни настани, можности за стипендирање, и други активности. Сето ова резултираше со позитивен одзив и потврда на квалитетот на студиските програми и работењето на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**▓ Познато е дека на УГД студираат се поголем број и млади од други држави, дали и годинава очекувате добар број на странски студенти, од кои држави ги очекувате...**

Интернационализацијата на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип продолжува да дава позитивни резултати и оваа академска година. Секојдневно забележуваме растечки интерес од странски студенти за нашите студиски програми, а предводник на ова зголемување е проширувањето на понудата на студиски програми на англиски јазик. Ако во минатото имавме само неколку програми на англиски јазик, сега се нудат програми на Факултетот за медицински науки, Правниот факултет, Музичката и Филмската академија и на Факултетот за информатика, а од оваа година и на Економскиот факултет. Во тек се и акредитации за нови програми, како на нашите факултети, така и во соработка со високообразовни институции од Европа и новата алијанса од која сме дел.

Оваа година, како и претходните, очекуваме најбројни да бидат студентите од Турција, но исто така, имаме пријави и интерес од студенти од Црна Гора, Словачка, Србија, Бугарија, Албанија и други земји. Важно е да се истакне дека студентите од странство имаат можност да ги следат и студиските програми на македонски јазик, по завршувањето на два семестри за изучување на македонскиот јазик. Веруваме дека со препознавање на квалитетот на нашите програми и со олеснување на административните процедури, како што е процесот на добивање визи и нострификација, ќе привлечеме уште поголем број студенти од други земји во иднина.

**▓ Годинава објавивте низа поволности за студирање на факултетите?**

Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се грижи за своите студенти преку низа активности кои имаат за цел да ги поддржат и новите, но и тековните студенти. Универзитетот овозможува ослободување од плаќање партиципација за студенти кои се наоѓаат во специфични социјални и економски услови, како што се студенти со само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, студенти со починат родител, или оние каде едниот родител е непознат или го загубил родителското право. Исто така, двајца или повеќе студенти од исто семејство чијшто родители примаат минимална месечна плата, исто така се ослободени од плаќање на партиципацијата. Овие мерки се дел од нашата посветеност кон обезбедување еднакви можности за сите наши студенти.

Универзитетот нуди ослободување од плаќање на партиципација за првата година од студиите за академската 2024/2025 година за студентите кои се запишани во првиот уписен рок како редовни студенти во државна квота и кои имаат минимум 80 поени постигнатиот успех од средното образование. Ова по факултети е: најдобрите 40 кандидати на Факултет за медицински науки, најдобрите 30 кандидати на Факултет за информатика, 20 најдобри кандидати на Земјоделски факултет, Факултет за природни и технички науки, Економски факултет, Правен факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика, Најдобрите 10 кандидати на Електротехнички факултет, Машински факултет, Технолошко-технички факултет, Факултет за образовни науки и Музичка академија и 5те најдобри кандидати на Ликовна академија и Филмска академија

За студентите на Филолошкиот факултет, ослободување од партиципација важи за сите кандидати запишани на студиската програма „Македонски јазик и книжевност" без оглед на уписниот рок. Студентите на оваа програма се ослободени од партиципација од прва до четврта година на студиите. Дополнително, најдобрите кандидати на програмите за „Германски јазик и книжевност," „Турски јазик и книжевност," „Италијански јазик и книжевност" и „Англиски јазик и книжевност" исто така добиваат ослободување од партиципација. Покрај ова, воведена е и поддршка за студентите кои се истакнуваат во своето студирање. Сите студенти со просечна оцена над 9.5 и минимум 40 ЕКТС се ослободени од плаќање на партиципација. Овие мерки се значајна помош за нашите студенти во овие кризни времиња и придонесуваат за нивниот успех и благосостојба.

**▓ За кои факултети годинава очекувате да има најголем интерес кај младите?**

Очекуваме дека и годинава најголем интерес за упис ќе има на Медицинскиот факултет, што е тенденција која се повторува во изминатите години. Медицината е секогаш популарна студиска програма, не само поради високата заинтересираност на младите за овој тип на образование, туку и поради светскиот тренд на голема побарувачка за медицински кадар.

***ИНТЕРЕС ЗА МЕДИЦИНА: Очекуваме дека и годинава најголем интерес за упис ќе има на Медицинскиот факултет, што е тенденција која се повторува во изминатите години. Медицината е секогаш популарна студиска програма, не само поради високата заинтересираност на младите за овој тип на образование, туку и поради светскиот тренд на голема побарувачка за медицински кадар.***

**▓ И годинава покрај на 12 факултети студенти запишувате и на трите академии од областа на уметноста...Очекувате ли некаков интерес и тука?**

Иако интересот за студирање на уметности можеби е помал во споредба со некои други области, тој е постојан и значаен. Овој интерес укажува на стабилна и посветена група на студенти кои ја ценат важноста на уметноста и културата, ја ценат уметничката препознатливост на нашите професори и уметничката традиција во Штип. Студиските програмите од уметноста на Универзитетот 'Гоце Делчев' имаат важна улога во развојот на креативни способности и културна свест во Македонија. Поддршката и промоцијата на овие програми не само што ќе придонесат за развојот на индивидуалните таленти, туку и ќе го обогатат културниот живот во државата и пошироко.

# Четворката штипски пратеници „тежат“ над 651.000 евра, Бочварски најбогат

Никола Мицевски и Душко Иванов од ВМРО ДПМНЕ, Борислав Крмов од партијата Левица и Благој Бочварски од СДСМ ја чинат четворката штипски пратеници во Собранието на Македонија. Сите тие на изборните листи на последните парламентарни избори своите мандати ги добија од гласачите во третата изборна единица.


**Никола Мицевски**


**Душко Иванов**


**Борислав Крмов**


**Благој Бочварски**

Според истражувањето на Центарот за истражувачко новинарство СКУП кое во континуитет ја следи имотната состојба на функционерите, овие четворица пратеници „тежат“ над половина милион евра. Секој граѓанин ќе може сам да си заклучи дали е тоа многу или малку.

Екс министерот за транспорт и врски Благој Бочварски во анкетниот лист прикажал имот во вкупна вредност од 237.061 евра Новоизбраниот пратеник од Штип, Душко Иванов кој пред да стане пратеник беше советник и координатор на советничката група на ВМРО ДПМНЕ во Советот на Општина Штип пријавил имот вреден 226.201 илјади евра. По него е неговиот сограѓанин и пратеник со трет стаж во македонскиот парламент, Никола Мицевски кој „тежи“ 152.371 евра. Најскромен, да не речеме „најсиромашен“ е Борислав Крмов од Левица кој го тера вториот пратенички мандат, а кој пријавил имот од 35.520 евра. Крмов го наследил имотот, а тоа е стан во Штип од 65 метри квадратни.

## Тројца советници заминаа на нови функции, нивните места во Советот пополнети со нови лица

Одењето на раководни и (или) на повисоки политички функции кои се неспоиви со вршењето на советничката функција доведе до престанок на мандатите на тројца советници од ВМРО ДПМНЕ избрани на последните локални избори во 2021 година.

На последната августовска седница локалниот штипски парламент (Советот) го констатира престанокот на мандатот на досегашните советници Владко Захариев и Дејанчо Здравков, а на нивно место ги верификува мандатите на Христина Серафимовска и Никола Костадинов. Серафимовска работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ додека Костадиновски е доктор, специјалист по физикална медицина и работи во Клинички центар Штип.

Захариев, на кого му престана мандатот на советник е назначен за диреектор на Клиничка болница Штип додека Здравков стана в.д.директор на Затвор Штип. Претходно мандатот на советник му престана и на Душко Иванов поради негов избор за пратеник.

Советот на регионалниот општински центар на истокот има вкупно 23 члена, од кои 13 се од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, 9 од СДСМ, а еден од партијата Левица. Поголемиот дел од пратениците го сочинуваат жени.

# Ја остварувам исконската желба на човекот да лета слободен како птица


Петешев (десно) со Стефан Тодороски

Кога на небото над Штип ќе видите мал авион нема да погрешите ако си помислете дека во него лета Митко Петешев, професионален пилот и инструктор, претседател на Аеро клубот Штип, клуб кој во месец март прослави еден век постоење. Петешев е учител по летање на бројни штипјани, а со него водиме лефтерен летен разговор на тема „Човекот, авионот и летањето“.

**Го прашуваме Петешев што е тоа што го привлече кон летањето?**

-Одсекогаш ме привлекувала желбата на човекот за освојување на височините, да лета што повисоко и што подолго. Таа желба е исконска, постои од кога постои и човештвото. Од старо време е позната митолошката приказна за Дедал и Икар, татко и син кои сакале да се ослободат од зандананата на островот Крит во која ги ставил кралот Минос и да станат слободни како птица, зашто копнежот на човекот за вистинска слобода одсекогаш бил копнеж над сите копнежи. Одтука, кога летам јас се чуствувам вистински слободен, а тоа е едно посебно чувство за кое можат да раскажуваат само воздухопловците, односно пилотите.



Петешев пред Аеро клубот Штип

**Но, вие г-дин Петешев не само што летате туку и активно го пропагирате овој спорт.**

Секако. Воздухопловството е редок и интересен спорт и наша цел е да го приближиме до обичниот човек. Кога еднаш ќе го искусиш летањето, секогаш ќе сакаш да го доживееш повторно, а тоа е чувство кое не може да се опише со зборови. Научно е докажано дека летањето ги освежува мислите, го активира човечкиот ум и ја зголемува творечката способност. Сакам да ја информирам јавноста дека за да може некој да лета треба да има над 18 години, да дојде во нашата база кај населбата Три Чешми, а се понатаму е на нас да го оспособиме за летање или падобранство.

**Сведочиме на едно пеколно топло лето кое го живееме веќе два месеци. Како е горе, на небото, поблиску сте до сонецето и дали таму пече посилно отколку на земјата?**

-Летаме најчесто на 300 метри височина главно над градот но и нешто подалеку. Понекогаш се искачуваме и на 1.500 метри, а од таа височина ја гледаме цела Македонија. Нам, на пилотите горе на небото времето ни е попријатно зашто на 1.000 метри над површината на земјата температурата на воздухот е пониска за шест степени.

**Во вкупниот развој на воздухопловството во светот скромен придонес дава и Аеро Клубот Штип.**

-Од нашиот клуб произлегле неколку пилоти кои сега управуваат комерцијални авиони. Така Лазе Камчев лета за компанијата Игл (Орли) во САД, Раде Ивановски е пилот кој лета за компанија од Руанда, во САД пилот на комерцијален авион е и Симо Здравев. Сите тие своите почетоци ги направиле во нашиот аеро клуб каде ја стекнале љубовта кон летањето. Покрај ова денес пилоти од нашата Воздухопловна школа се вработени во нашата армија, Министерство за внатрешни работи, Дирекција за заштита и спасување и Владата, вели Петешев.

**Петчленета екипа која сега работи на штипскиот аеродром 25 години е во клубот кој годинава одбележа 100 години постоење. Петешев вели дека поминале сто години исполенти со творечки занес и смелост на генерации на воздухопловци кои настојувале да го развијат и унапредат воздухопловството на високо рамниште на кое се наоѓа и денес. И по тоа Штип има право на своја гордост.**

-Како човек нераскинливо врзан со аеро клубот и со летањето можам да го изразам своето незадоволство од фактот дека само нашата Македонија од бившите југословенски републики нема национален авио превозник, додава нашиот соговорник, пилотот и инструктор по летање Митко Петешев.



**Пишува:**
**М-р Трајче КАЦАРОВ, писател**

# НЕ ОДОБРУВАМ

Во последните години од деветнаесетиот век, поточно од 1890 до 1900, Франција ја тресе аферата Драјфус. Капетанот Драјфус е обвинет за шпионажа. Поради тоа е осуден на затворска казна со издржување на „Ѓаволскиот остров“. По неколку години од пресудата се наоѓа вистинскиот виновник, но Драјфус останува да робува. Тоа ја разбранува француската јавност. Големиот писател и интелектуалец Емил Зола е помеѓу оние кои се незадоволни од одлуката на судските власти во Франција. Писателот Зола го користи своето оружје за истерување на правадата, т.е. јавно го објавува писмото испратено до претседателот на Франција. Писмото е со наслов „Обвинувам“ ја освојува читателската публика.

„Големиот дух за кого светот е премногу мал“, „големиот писател чија огромна уметност е израз на вистината и орудие на општествениот спас“ успева во својата намера. Го враќа делото на повторно разгледување. По долги судски расправи Драјфус е ослободен и повторно вратен на служба во армијата каде добива и повисок чин, мајор.

Во храброста и човекољубието на Емил Зола отсекогаш сум ја гледал квинтесенцијата на човековата бит.

Емил Зола, за кого писателот е човек кој ја перципира стварноста на основа на својот темперамент, а ја толкува на основ на својот талент, отсекогаш ме исправал пред прашањето – Живеат ли денес писатели, интелектуалци,  за кого овој свет е мал? Поточно речено, имаме ли ние во нашава „Страдалница“ писатели чији дела се израз на вистината, орудие за спас на општеството?

Кога писателот Јован Котевски беше осуден на затворска казна за активности против тогашниот систем, никој друг освен писателот и интелектуалец Предраг Матвеевиќ преку ПЕН клубот, не застана во негова одбрана. Матвеевиќ  успеа во својата намера. Кога актерот Ристо Шишков беше осуден за дејност против државата, ниту еден од писателите, актерите, интелектуалците, не застана во негова одбрана. Затоа, пак ,по неговата смрт направија тетарски фестивапреку кои ќе се чествува неговото име и дело.

Во услови во кои е заглибано нашето општествено живеење, како леб насушен ни е потребен писател, интелектуалец кој јасно и гласно ќе каже, НЕ ОДОБРУВАМ: партизација на земјата, клиентелизам, корупција, непотизам, партиски вработувања (наместо стручни лица за раководители да се стават партиски опашкари), снисходливост на политичарите (наместо да ‘ржат тие бараат да им ја лижат раката на оние што им го стегаат вратот) непринципиелност во коалицирањето ( зошто мора по секоја цена да се коалицира со партии кои немаат иста политичка платформа, или слична) погром на македонизмот, удар врз независноста на судството!

Изгледа дека немаме.

***Големиот писател и интелектуалец Емил Зола е помеѓу оние кои се незадоволни од одлуката на судските власти во Франција во случајот со „Аферата Драјфус“. Тој го користи своето оружје за истерување на правадата, т.е. јавно го објавува писмото испратено до претседателот на Франција. Писмото е со наслов „Обвинувам“ ја освојува читателската публика. Нам како леб насушен ни е потребен  писател, интелектуалец кој јасно и гласно ќе каже, НЕ ОДОБРУВАМ: партизација на земјата, клиентелизам,  корупција, непотизам, партиски вработувања...***

А на прашањето - зошто немаме? Има само еден одговор: „Зашто сите писатели, интелектуалци, се партиски службеници, односно, гледаат да се офајдат од секоја власт, па, и од онаа најнепријателската на македонскиот народ.

*П.С. Поради писмото до претседателот јавно објавено Емил Зола е осуден на година дена затвор. По завршувањето на аферата Драјфус се враќа од Лондон во Париз. Неговата смрт е окарактеризирана како мистична.*



Пишува:
**Роберт Аџипетров**

# Сеграгација на ученици роми во ООУ „Гоце Делчев“ Штип, пресудата на Европскиот суд срам за нашиот град, но...

Европскиот суд, во случајот “Елмазова и други против Северна Македонија“ донесе пресуда со која се утврди дискриминација на ученици Роми поради нивна сеграгација во две основни училишта во Македонија. Едно од овие училишта е ООУ „Гоце Делчев“, лоцирано на територија на нашата општина. Со пресудата на секое домаќинство му беше доделена оштета во износ од 1,200 евра или 45,600 евра за двете училишта кои беа опфатени со овој процес. Основниот граѓански суд во Скопје со судска пресуда исто така утврди дека Владата, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Државниот просветен инспекторат Општина Битола и Општина Штип, сториле дискриминација врз учениците роми во образовниот процес.

Општина Штип беше прогласена за виновна, по што следеше преземање на сет мерки: изработен акциски план со конкретни активности во насока на отстранување на дискриминацијата и сеграгацијата на учениците роми. Во соработка со Совет на Европа, Општина Штип и „Гоце Делчев“ активно се вклучија во проектот „Квалитетно образование за сите“ - финансиран од Германија. Во рамки на проектот беше спроведена и студиска посета на Република Хрватска со цел директна соработка и стекнување на знаења врз основа на искуства кои Хрватска ги има во полето на дискриминација поради сеграгација на Ромите. Делегацијата која ја посети Република Хрватска беше составена од претставници на Министерството за образование и наука, Министерство за правда, членови на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, владини претставници, претставници на двете општини како и претставници на училиштата. Од посетата можат да се извлечат бројни заклучоци, од кои би можеле да се понудат можни решенија. Тежината на проблемот ја покажува фактот што и покрај силната финансиска поддршка од Европската унија, останува сомнежот дали Хрватска во целост ја има надминато сеграгацијата.

Пресудата е срам за нашиот град, но факт е дека ова е стар проблем за „Гоце Делчев“. Училиштето е етикетирано како „ромско училиште“. Родителите на учениците македонци кои припаѓаат на реонот на ова училиште по секоја цена избегнуваат своите деца да ги запишат овде. Малиот број на македонски ученици кои сепак ќе се запишат овде, на инсистирање на родителите, се распоредуваат во една паралелка. Ова води кон формирање на чиста македонска паралелка како и чисто ромски паралелки. Ромските како и македонските паралелки во текот на образовниот процес ги користат истите простории, настава им изведуваат истите наставници и ги уживаат буквално истите услови, но сепак постои одредена форма на социјална бариера помеѓу нив.

Основното училиште „Гоце Делчев“ како и вработените во истото го даваат својот максимум за надминување на проблемот. При доделувањето на признанијата на првенците на генерација на крајот на минатата учебна година, три од вкупно четири ученици од средните училишта во Штип, своето основно образование го стекнале во ООУ „Гоце Делчев“ Штип. Ова е доказ за квалитетот и посветеноста на вработените во ова училиште.

Локациски ООУ „Гоце Делчев“ е поставено во ромското маало, нешто што води кон тоа да во својот реон

**Пресудата е срам за нашиот град, но факт е дека ова е стар проблем за „Гоце Делчев“. Училиште е етикетирано како „ромско училиште“. Родителите на учениците македонци кои припаѓаат на реонот на ова училиште по секоја цена избегнуваат своите деца да ги запишат овде. Малиот број на македонски ученици кои сепак ќе се запишат овде, на инсистирање на родителите, се распоредуваат во една паралелка. Ова води кон формирање на чиста македонска паралелка како и чисто ромски паралелки**

имаат поголем број на ромски ученици. Според ова решението проблемот лежи или во практикување на позитивна дискриминација, по примерот на Република Хрватска, или пак во локациски трансфер на училиштето во нови простории, на ново место, со нов реон повторно по пример од Република Хрватска. Првата мерка би значела овозможување на подобри услови за учениците во „Гоце Делчев“ во споредба со учениците од останатите основни училишта со што училиштето би ја зголемило својата атрактивност, а второто решение, кое на прв поглед изгледа потешко, би овозможило подобро планирање на потребите за основни училишта и создавање на реонизација која би била имуна на сеграгацијата. Она што е круцијално во овој случај, без разлика која мерка ќе биде аплицирана, имплементацијата да е брза, со цел гарантирање на правата на нашите сограѓани Роми, но и бришење на црната дамка која Штип не ја заслужува!

**(Авторот е раководител на Одделението за образование во Општина Штип)**

# На „Весело штурче“ разновидни автори и песни во кои ќе уживаат децата

„Весело Штурче“, фестивалот на песни за деца, годинава одбележува јубилеј-триесет година од неговата прва изведба. Фестивалот ќе се одржи на 26 септември, а на него ќе настапат вкупно 25 дечиња (солисти) со 21 новокомпонирана песна од кои четири песни се дуетски. Хорот се состои од единаесет дечиња, а бендот има четири члена.

-На 26 септември прво, во 17 часот ќе имаме предпремиера, а премирата ќе биде во 19:30 часот. Како и секоја година така и оваа билетите се продаваат по цена од 250 денари и истите може да се купат во Тобако City Point во Штип (спроти намата или во молот), а може да се резервираат и на 070/729 430, информира м-р Филип Стевановски, директор на фестивалот кој секоја година ги одушевува дечињата кои целосно ја исполнуваат големата сала во Домот на култура „Ацо Шопов“.

Песните, како и секоја година, се бирани по пат на конкурс, за годинава организаторот ветува разновидни автори и стилови на песни во кои ќе уживаат децата. Продукцијата, како и секогаш до сега ја прави FIS Production, а зад неа се потпишува директорот на „Весело Штурче“ м-р Филип Стевановски.



УСАИД (проект „Направи разлика“) од секоја купена карта или купен производ на штандот на фестивалот ќе се одделуваат средства за талентирани дечиња од социјално загрозени семејства и истите ќе се стипендираат, ги појаснува деталите директорот Стевановски.




***Уметничкиот директор м-р Ирена Крстевска Стевановска е задолжен за подготовките на дечињата (солисти, хор) како и за изборот на самите дечиња на аудицијата и композициите кои што се пријавени. Како и минатата, така и оваа година, Фестивалот има хуманитарен карактер***

Уметничкиот директор м-р Ирена Крстевска Стевановска е задолжена за подготовките на дечињата (солисти, хор) како и за изборот на самите дечиња на аудицијата и композициите кои што се пријавени.

-Како и минатата така и оваа година Фестивалот има хуманитарен карактер и заедно со ФРЛЗ и

Со оглед дека се работи за јубилејна година организаторот најавува повеќе изненадување и многу гости. –„Сепак, ова за сега ќе го држиме во тајност се додека не почне фестивалот“, вели првиот човек на „Весело Штурче“.

# ДИМО ДИМЧЕВ: Презадоволен сум како влашкиот јазик го покажав во моите раскази.

Димо Н. Димчев (влашки Dina Cuvata) економист, новинар,писател,лексикограф, издавач, раскажувач и преведувач од влашки јазик. Роден во с. Доброшани, Штипско на 9 јули 1952 година. Завршил Економски факултет во Скопје, работел во Македонското радио, претседател на Здружението на Власите „Питу Гули", член на ДПМ од 1992 год.



**Г-дин Димчев, од каде таа енергија за пишување и во што ја наоѓате инспирацијата?**

-Енергијата ми даде покојниот Јанаки Зани, еден од подобрите писатели на влашки јазик. Инспирација за пишувањето датира од 1974 година, значи пред педесет години, неа ја најдов во моите доживувања од детството, а подоцна сè што напишав и објавив може да се провери прашувајќи ги моите другари од детството. Речиси не остана ниту еден сегмент од животот како што сум го доживеал, сè е напишано во моите три книги проза: *Сестричката Марика*, *На автобуската станица во Скопје* и *Чудни работи*, таму е сè до збор запишано и објавено. Тука има лични семејни доживувања, случувања во селото, случувања надвор од селото во Скопје. Некои од тие раскажувања нема да им се допаднат на „Големите" Власи, некои ќе се налутат, ама и тие ќе си речат дека така биле тие работи. За мене кога ќе седнам да пишувам најважното беше јас да го гледам она што го пишувам и сум презадоволен како влашкиот јазик го покажав во моите раскази.

Инспирацијата ми дојде од постарите и повозрасните Власи јас ја имав таа чест да ми биде речено: „Поседуваш и практикуваш неверојатен, силен стил на пишување и за чудо покажуваш многу силен влашки јазик".

**На кои книжевни дела често се враќате? Што читате во моментов?**

Како писател и како човек многу често ги читав *Бели мугри* од Кочо Рацин, ги читав и песните и расказите на Блаже Конески. Многу ми беа драги двете книги на Видое Подгорец, многу често ги читав романите на Стале Попов. Во два наврати го читав романот *Тихиот Дон* од Михаил Шолохов, а кога се запознав со влашката литература почесто ги читав влашките писатели Нуши Туљу, Петру Вулкан, Василе Папајануш и други. На некои од овие писатели книгите од романски ги преведов на влашки и македонски јазик. Од крајот на 2020 година јас не гледам, не можам да читам, пишувам и работам на компјутер.

Остануваат зад мене триесет и пет книги преведени од романски на македонски, девет книги од македонска поезија преведени и објавени на романски јазик. Јас сум среќен дека ги преведов и се објавени во Романија избор на поезијата на триесет и четири македонски поети, остануваат зад мене дваесет книги напишани и објавени од мене (поезија, раскази, речници, фолклор, три антологии), остануваат зад мене и тие десетина книги кои ги преведов на влашки, а ги споменав во едно од претходните прашања.

**Како би ја дефинирале денешната македонска книжевност?**

Морам да кажам дека не сум најкомпетентен да давам оценка на сегашната литература, меѓутоа можам со големо задоволство да кажам дека македонската современа литература го држи чекорот со тековите на сите останати балкански, европски литератури.

**Дали сè уште се радувате на книга како подарок? Дали го знаете бројот на книги во Вашата библиотека?**

Да, педесет години се радувам како мало дете на секоја подарена книга, особено на книги напишани и објавени на влашки јазик. Дали го знам бројот на книгите кои ги имам? Не можам најточно да кажам, меѓутоа можам да кажам дека станот во Скопје ми е преполн со книги. Би рекол дека имам околу илјада и петстотини книги.

Книгите што ги имам се на три јазици: македонски, романски и влашки јазик и поприличен број на српски и на романски јазик. Со моите книги без да претерам ќе кажам дека може да се регистрира една влашка библиотека, а би можело да се отвори постапка и за основање на научен институт за Власите. Инаку, јас со себе на пусто острово би ја понел книгата со народни песни собрани и издадени од браќата Миладиновци.

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Од моето животно искуство можам со најголемо задоволство да препорачам: „Пишувајте луге, пишувајте! Книгата не бара ниту јадење ниту пиење, книгата не знае за смрт."

## Разговор за улогата на спортот во животот на младите со **Мијалче Маџаров**, истакнат спортски педагог

# Миовски, Арсовски, Митров, Алексов, Јованова, Анчева се доказ дека преку спортот може да се оствари сонот

Мијалче Маџаров 40 години работеше како наставник по спорт и спортски активности, а повеќе години беше и претседател на Сојузот на училишни спортови во Општина Штип. Тој со Влатко Манев го формира култниот „Мал Ајакс". Маџаров во пензија замина од местото наставник по овој предмет во Средното медицинско училиште „Јане Сандански". Со него разговараме на тема младите и спортот некогаш и сега.

-Овој предмет некогаш беше најомилен меѓу учениците, а дене многу од учениците не можат на час да направат ниту половина од вежбите кои, на времето, со леснотија ги правеа нивните родители. Порано беше задолжително на час да се дојде во бела маица, црвени или црно шорцеви, а денес тоа е вистинска реткост па учениците доаѓаат во тоа што сами ќе си го одберат. Верувам дека во средните училишта е многу мал бројот на ученици кои можат да се искачат на јаже, а да не зборувам за потешки гимнастички вежби. Денес се помалку гледаш деца на спортски терени, а се повеќе како седат и со часови се на мобилен телефон.




За физичката неактивност на децата вина имаат и нивните родители кои често им говорат да не трчаат зашто ќе се испотеле, или ќе паднеле и ќе се повредиле, па ги враќаат од тренинг. А сите треба да знаат дека токму спортот и физичките активности се предуслов за добро здравје, вели истакнатиот штипски спортски педагог Маџаров.



Нашиот соговорник појаснува дека е добро тоа што во градот има поголем број спортски колективи во кои добар број на деца се посветени на спортот во надеж дека ќе можат да направат добра спортска кариера. Нивни идоли се нивни претходници кои посветувајќи му се на спортот и физичката култура станаа познати во спортот и вон границите на нашата Македонија.

***-Каратистот Жарко Арсовски, борачот Дејан Митров, кошаркарот Никола Караколев, Тоше Димиќ, тренер на КК „Соколи", Стефан Алексов, одбојкарски репрезентативец и неговиот колега Михаил Мирасчиев, Пепита Ристова, одбојкарка, Драгана Стојанова и Марија Анчева, сеуште активни во ракометот и Радмила Јованова, атлетичарка и една од најуниверзалните спортистки на Штип и Македонија, Ива Дојчинова, кошаркарка која игра во Хрватска, фудбалерите Стефан Костов и Стефан Коцев и многу други на кои Маџаров им предавал сериозно, како ученици, го сватиле спортот и сега го живеат својот сон.***

-Би ги спомнал тука каратистот Жарко Арсовски, борачот Дејан Митров, кошаркарот Никола Караколев, Тоше Димиќ, тренер на КК „Соколи", Стефан Алексов, одбојкарски репрезентативец и неговиот ко-

лега Михаил Мирасчиев, потоа Пепита Ристова, исто одбојкарка, Драгана Стојанова и Марија Анчева, сеуште активни во ракометот и Радмила Јованова, атлетичарка и една од најуниверзалните спортистки во Штип и Македонија, Ива Дојчинова, кошаркарка која игра во Хрватска, фудбалерите Стефан Костов и Стефан Коцев и многу други. Тие се доказ дека преку спорт и спортските активности може да се оствари сонот, појаснува Маџаров.

Неговата љубов кон професијата на неговиот живот му даде идеја, во 2009 година, со Влатко Манев, да го формираат клубот за мал фудбал „Мал Ајакс“.

-Спортските клубови мора да се направат привлечни за децата. Со Влатко успеавме во таа идеја и денес во „Мал Ајакс“ тренираат 150 деца од 7-14 години. Ние сме горди што за овие 15 години низ клубот поминаа фудбалери кои денес се штипска и национална гордост. Во овој клуб како фудбалер и добра личност израсна Бојан Миовски кој сега настапува во најелитната шпанска лига во клубот Ѓирона. Од овој клуб потекнуваат и Благој Хаџикимов, Иван Глигоров, Дарјан Тасев и Андреј Арсовски, сите фубалери на Брегалница. Мал Ајакс го оформи и Даме Цикарски кој денес



игра во Домжале-Словенија, а Дино Михаилов настапува за радовишки Детонит. Тука треба да се спомене и Александар Арсов кој после тренирањето во Мал Ајакс се пронајде во атлетиката и денес е репрезентативец на Македонија. Арсов трча три, пет и дест километри и крос кантри, тој е и студент на Факултетото за физичка култура, ги појаснува Маџаров нештата.

Штип, на времето, имаше активен атлетски но и пливачки клуб. Денес?

-Денес речиси ништо од тоа. Атлетскиот клуб Брегалница постои но нема редовен тренажен процес бидејќи не може да се најде стручно лице за тоа. Градот малку вложува во атлетиката, атлетската патека на стадионот е скратена, а стазата е во лоша состојба. Откако Штип остана без вистински Градски базен,




бројот на пливали сериозно се намали, а клубот опстојува благодарејки на ентусијазмот на проф. Мирко Јакимовски. Талентираните Методи Георгиев и Ивана Наумова тренираат надвор од градот, вели Мијалче Маџаров за Штипски Глас.

***Деца на Мал Ајакс се Бојан Миовски кој сега настапува во најелитната шпанска лига во клубот Ѓирона, Благој Хаџикимов, Иван Глигоров, Дарјан Тасев и Андреј Арсовски, сите фубалери на Брегалница, Даме Цикарски кој денес игра во Домжале-Словенија, Дино Михаилов кој настапува за радовишки Детонит и Александар Арсов кој после тренирањето во Мал Ајакс се пронајде во атлетиката и денес е репрезентативец на Македонија...***

Според нашиот соговорник Штип може да се пофали со подобрена спортска инфраструктура. Вели дека се изградени многу нови и реновирани стари игралишта во училиштата и урбаните заедници, на местото на легендарниот „Џексон“ ќе се добие нова спортска сала што е одлично. Што се однесува до проблемот од недостиг на наставници по спорт и спортски активности Маџаров е оптимист дека тој проблем ќе се надмине.- „Моите информации ми говорат дека на Факултетот за спорт и спортски активности се запишани тројца штипјани, а исто толку и на средното фискултурно училиште. Но, нашите потребни се поголеми и добро е младите да се школуваат за наставници по спорт и спортски активности“, decиден е Маџаров.

# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

Во трката на сто метри која се одржа вчера победи Усеин Болд.
Времето на нашиот атлетичар не можеме да го соопштиме зашто тој сеуште трча...

.....................................................................

За штедните влогови во банките гарантира државата.
Само што никој не дава гаранција за државата.

.....................................................................

Започна новиот работен ден.
Работниците ќе бидат пред машините.
Земјоделците на нивите,
Чиновниците ќе си го пијат своето утринско кафе.
Според тоа кој како се снашол во животот.

.....................................................................

Со години чекаме да дојде подоброто време за нас.
Но тоа никако да стигне.
Веројатно патува со Македонски железници!

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | | | 3 | | | 4 | |
| 6 | | | | | | | | 3 |
| | | 4 | | | | 5 | | |
| | | | 8 | | 6 | | | |
| 8 | | | | 1 | | | | 6 |
| | | | 7 | | 5 | | | |
| | | 7 | | | | 6 | | |
| 4 | | | | | | | | 8 |
| | 3 | | | 4 | | | 2 | |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.08.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| Ш.Г. | ***Амер. артист. (фотос)*** | Неправилности | Слој на воздухот над тропосферата | Поетот Ујевиќ | Муслим. свештеник | Турк. војсков. Омер Паша | Воспал. на увото |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Средство за пишување | | | | | | | |
| Доверлива наредба | | | | | | | |
| Група Јадрански острови | | | | | | | |
| Пејачка Сумак | | | | Шахов. термин / Ќоше | | | |
| Дел од отплата | | | | | Силициум / Америк. Артистка | | |
| Рола | | | | | | Сулфур / Екс Руска лизгачка | |
| Животно од родот мачки (мн.) | | | | | | | Производи на имитација |

| Ш.Г. | Вид игра со карти | Флуор | Муслим. свештеник | Грчка буква | Траур | Произ. на кифли Посети на Исусовио гроб | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Швајцар. фудбалер Кирјако | | | | | | | Говорници | Шпанија / Ампер | | Буква од Арап.писмо / Град во Виетнам | | | |
| Келвин | | Итал. мод.креатор / Арт. Масари | | | | | | | | | | | |
| Ламја | | | | Гр.острови на Аљаска / Елементи | | | | Вода богата со Јаглерод / Котор | | | | | |
| Тетово | | | Жител по реката на Радика / Една Планета | | | | | | Река во Полска / Поткуп, мито (раз) | | | | |
| Ш.Г. | Заздравувач / Состанок на високо ниво | | | | | | | | | Јужен ветер кај старите Грци / Стари шпански пари | | | |
| Сименс | | Грчка божица на лагата / Река во Гана | | | | Кислород / Грчка буква | | Канцел. биро (мн.) / Италиј. остров | | | | | |
| Поетот Поповски | | | | | Сло.поет Франце / Остров во Атланти. | | | | | | | | Лична заменка |
| Бразил. фудбалер | | | | | | | | | | | Соседни букви / Илија Јорга | | |
| Вештина, брзина (мн.) | | | | | | | Белотија / Метар | | | | | | |
| Амер. артист Рој | | | | | | Фубалер Замер | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA